Webpage Screenshot

Кој стои зад потписот на УЧК

По неодамнешните напади на државните објекти во земјава, „Нова Македонија“ анализираше кој стои зад сето тоа, каква порака се испраќа и дали нападите треба да го вклучат алармот за претпазливост од посериозна терористичка акција. Аналитичарите со кои се консултиравме велат дека досегашното следење на состојбите во светот покажало дека нападите низ чии сценарија провејуваат карактеристиките на тероризмот се однапред испланирани и командувани од некои надворешни фактори. Терористите на 21 век не се ниту хуманисти ниту романтичари и немаат политичка цел. Тие се платени убијци, со дебели хонорари и се производ на тајните служби, велат нашите соговорници



АНАЛИЗА БОМБАШКИ НАПАДИ И КОМИНИКЕА КАКО ОБИД ЗА ДЕСТАБИЛИЗАЦИЈА

Тргнувајќи од начинот на дејствување и од соопштенијата на Ослободителната национална армија (ОНА) од пред осумнаесетина години, односно првите терористички напади во самостојна Македонија извршени од илегални организации и групи кон крајот на деведесеттите години во минатиот век, преку наметнатиот конфликт во 2001 година, до последните настани поврзани со експлозиите во близината на полициските станици во Куманово и во Тетово, или гранатирањето на зградата на Владата и преземањето одговорност во врска со тоа, секогаш се појавува истиот „потпис“ како начин на дејствување, укажуваат безбедносни извори за „Нова Македонија“.

Фактот што поединци или групи што стојат зад симболите на ОНА, чија идеолошка матрица е јасно препознатлива, ја преземаат одговорноста за експлозиите, вклучувајќи го и фактот дека станува збор за напад на објекти преку кои се идентификуваат не само државното уредување и управување туку се симболизира и постоењето на една држава, го отвора прашањето дали обидите за поткопување на националната безбедност во државата се повторно цел на одредени структури што со екстремистички, радикални и милитантни методи сакаат да ги урнат фундаментите на Република Македонија. Какви се намерите, крајните цели и кои се тие што сакаат да постигнат интерес верификуван со крвав потпис? Ова прашање го подгрева и сличноста помеѓу ова и сценариото од пред конфликтот во 2001 година, кога ОНА во своето прво коминике ја презеде одговорноста за терористичкиот напад врз полициската станица во Осломеј.

- Целта на терористичките организации е да испратат звучна, ефектна и застрашувачка порака. Најголем број терористички организации го практикуваат теророт како облик на психолошка војна, преку стимулација на масовен страв. Тој се предизвикува ако има крвав настан. Политичките пораци против нешто ги залеваат со невина човечка крв - вели новинарката Мирка

Нова Македонија
Like You like this.

Други вести

- Само тројца граѓани се јавиле за збор на собранискиот Фејсбук
- Со европски пари ќе се деминира Мариово
- Молк по апелот на МПЦ за милост за Јован
- Тешко се наоѓаат инженери за изградбата на автопатот Кичево - Охрид
- „Шанса за живот“ за Детската клиника продолжува и в година

Највести

Читани | Коментирани | Оценувани

1. Околу трговскиот центар бавно се вози, тешко се паркира и се губат нерви
2. Кој стои зад потписот на УЧК
3. Бугарите крадат, ЕУ им плаќа на крадците
4. Тешко се наоѓаат инженери за изградбата на автопатот Кичево - Охрид
5. На јавен настап мешаат стилови од Ријана до Северина
6. Добро ќе беше да можеше да се избегне Тунис во 1-то коло

Коментари и дебати

Александар А. Самарџиски
Сериозен удар во балканската магистрала на смртта



Борбата против дилерите траела четири години, во кои паднале стотици лица и четири тони опојни дроги. Колку и да била успешна оваа координирана акција и колку било дилерски канали да се пресечени и уништени, борбата против ова ...

Милан Банов
Бугарите крадат, ЕУ им плаќа на крадците



Унијата, во која толку би сакале да се видиме, дури и по цена на отстапување на своите свети принципи - почитување на правата на сите народи и на јазиците што тие народи ги зборуваат - бришејќи ни го македонскиот јазик и неговите ...

Љупчо Гаштеовски
<ljupcogasteovski@yahoo.com>
„Удобен живот, бедно положение“



Под „воденичкиот камен“ на наметнатите и лично

Велиновска.
Кој е имиџот што рефлектира од симболот испечатен на коминикеата во кој се презема одговорноста за терористичките напади? Она што е познато за оваа организација е дека УЧК дејствуваше на територијата на Србија, Косово, вклучувајќи ја и Македонија, кон крајот на 20 век, и беше дел од тогашните оружени судири. Истовремено со доаѓањето во Македонија на над 250 илјади бегалци од војната, УЧК разви уште поголема мрежа на дејствување во земјава. Набргу се формира и овдешната Ослободителна национална армија (ОНА), која поттикната од надворешни фактори го почна конфликтот во 2001 година.
За време на конфликтот во неколку наврати оваа организација беше прогласена за терористичка. Меѓу оние што ја нарекоа како таква беа и тогашниот генерален секретар и прв човек на НАТО, Џорџ Робертсон, и претседателот Борис Трајковски.


Место на експлозијата при последниот терористички напад на зградата на Владата

За последниве случувања, пак, поранешни членови и команданти во ОНА отфрлаат каква било поврзаност со неодамнешните случувања.
- Тоа што го имаше од 2001 година е расформирано, не знам дека се формирала нова ОНА. Не верувам дека има некаква поврзаност. Ова е време на компјутери, има разни можности за монтажи и преку Интернет може лесно да се симнат и илустрираат амблемите на УЧК - вели Хисен Џемаили, поранешен командант на ОНА.

Производ на тајните безбедносни служби

Од друга страна, безбедносни аналитичари, пак, тврдат дека зад името и амблемот на оваа организација и денес стојат оние што, според соопштенијата испратени до јавноста, ги организирале нападите врз полициските станици и врз Владата во октомври годинава.
- Самиот чин на напад на зградата на Владата на РМ можел да доведе до невини жртви, а со тоа и да ја заплаши генералната јавност. Ако на ова го додадеме текстот од коминикето на ОНА во кое се наведува дека причина за нападот е неповолната позиција на Албанците во Македонија, тука се вметнува оној политичко-идеолошки елемент што е потребен за еден напад да се смета за терористички. Дали овој напад е успешен или не, во давањето на дефиницијата за тероризам е помалку важно - вели Андреја Богдановски, истражувач по безбедносни прашања во Аналитика тинк-тенк од Скопје.
Врз зградата на Владата беше стрелано и во 2007 година, но сиот тој случај и ден-денес остана нерасветлен. Богдановски смета дека токму тоа што не се знае што се случи со нападите на владината зграда дава доза сомнеж и воздржаност при дискутирањето на настаните што се случуваат денес.
Некои аналитичари велат дека досегашното следење на состојбите во светот покажало дека нападите низ чии сценарија се провеј уваат карактеристиките на тероризмот се однапред испланирани и организирани и инспирирани од некои надворешни фактори.
- Терористите од втората половина на 20 век, како ИРА или Црвени бригади, имаа идеологија во себе и декларирана политичка цел. Терористите на 21 век не се ниту хуманисти ниту романтичари и немаат политичка цел. Тие се платени убијци, со дебели хонорари. Производ се на тајните служби - смета Мирка Велиновска.

Аматеризам или дефокусирање на јавноста

Во последните две коминикеа што ОНА ги испрати до еден албански портал е потпишан извесен Куштрим. Тоа име се поврзува со Харун Алиу, бидејќи во времето кога дејствуваше ОНА тој бил познат како командант Куштрим за територијата кај скопско Арачиново. Во неговата кариера, тој се јавува и како лидер на партијата Национална алтернатива. Меѓутоа, неоспорен е фактот дека тој загина во размена на оган во акција на безбедносните сили во Радуша во 2010 година. Со

перципираните проблеми немаме време ни за себе, а камоли за односите исполнети со смисла и содржина. Ако притоа се додаде дека оваа време е со изопачени вредности, тогаш отчовечувањето ...

Печати | Прати ја страницата | Врати се назад

Тој загина во размена на оган во акција на безбедносните сили во Градуша во 2010 година. Се поставува прашањето дали со ова пишувачите на коминикето сакаат да антиципираат некаков континуитет со идеологијата на т.н. командант Куштрим, иако тој физички е мртов. Или можеби сакаат да испратат порака до јавноста дека военото крило што беше поекстремно од трансформираното политичко крило на ОНА сè уште е живо и не се согласува со политиките на политичката партија што израсна од ОНА?

Имено, во првото соопштение ОНА ја презема одговорноста за двете експлозии, а во второто, пак, пишува за чувствителност на проблемот за нееднаквоста со која се третира албанскиот народ.
- Го повикуваме македонскиот народ да ја разбере оваа тешка состојба на Албанците во Македонија и да не пробува да ја поддржи политиката на Милошевиќ. Само делејќи иста судбина и имајќи заеднички надежи може да имаме заедничка заедница. Албанците имаат да кажат клучни зборови и за името, знамето и за сите државни симболи - се вели во коминикето.
Според Богдановски, тоа што во соопштенијата е потпишан мртов човек може да се протолкува на неколку начини.
- Ова е сигнал дека не станува збор за добро организирана структура што има капацитет да направи посериозни инциденти и го покажува нивото на аматеризам што се користи како при нападите така и во коминикето - вели Богдановски.
Другата варијанта што ја поврзува истражувачот е дека станува збор за нарачани напади и претходно организирана манипулација што би требало да ја дефокусира јавноста од актуелните општествено-политички проблеми.
- Тоа што двата напада се „неуспешни“ од аспект на човечки жртви и малата материјална штета го поврзува сето ова како можно сценарио. Тука како насока за размислување би ги вметнал и сè поголемото ривалство во редовите на албанските политички елити и трката за поддржувач повеќе - објаснува Богдановски.

Иднината на шаховска табла

Иако оценките за моменталната безбедносна состојба во земјава се дека таа е стабилна, сепак, како што велат упатените, не треба да се исклучи опасноста од можни нови провокации и инциденти.
- Опасноста сега е толку пострашна што е дел од светскиот судир што се крчка, се судираат западните и источните интереси. Теренот е претворен во шаховска табла и се игра на секое поле - предупредува Велиновска.
Од друга страна, според неа, ниту Македонија не е истата држава како порано, сега е поорганизирана и поподготвена.

Истражувачот Богдановски предупредува и на опасноста што може да ја предизвикаат и повратниците од воените жаришта во Сирија и во Ирак, кои може да дејствуваат самостојно во извршувањето евентуални напади, бидејќи ним не им се потребни етаблирани и добро организирани терористички организации што ќе стојат зад нив.
- Никогаш не треба комплетно да се исклучи можноста од напади, имајќи предвид дека македонски и државјани од регионот неколку години по ред војуваат во Сирија и во Ирак, а тие што се враќаат имаат борбено искуство и некои од нив имаат доста радикални погледи на светот - објаснува Богдановски.
Според него, тука е и можноста овие поединци да се претворат во уште поголем безбедносен проблем ако евентуални терористички организации ги вклучат во нивните редови поради тоа што нивното искуство би им било добредојдено.

Терористичките акции на ОНА

- во текот на 1998 година: повеќе подметнати експлозивни направи и експлозии во Скопје, Тетово, Гостивар, Куманово, без човечки жртви
- јануари 2000 година: убиени тројца полицајци, по еден во Куманово, Прилеп и во Тетово
- 19 јануари 2000 година: нападната полициската станица во Осломеј
- 2 февруари 2000 година: поставен експлозив во канта за ѓубре во Куманово
- 22 јануари 2001 година: нападната полициската станица во тетовско Теарце, убиен е еден полицаец, а тројца се повредени
- 28 јануари 2001 година: ракетиран е патнички воз што сообраќал на линијата Скопје - Кичево
- 12 февруари 2001 година: први оружени пресметки меѓу ОНА и македонските безбедносни сили
- 16 февруари 2001 година: киднапирана е новинарската екипа на А1 ТВ
- 14 март 2001 година: напад врз безбедносната полиција во Тетово
- 28 април 2001 година: ОНА масакрира осум македонски припадници на безбедносните сили кај Вејце
- 9 јуни 2001 година: ОНА го зазема Арачиново
- 8 август 2001 година: албанските терористи убиваат десет припадници на безбедносните сили кај Карпалак
- 26 и 27 август 2001 година: три експлозии во различни делови на Скопје, во Скопје-Север, во Ченто и кај трговскиот центар „Мавровка“.

Автор: Александар А. Самарџиски

Фотографија: Маја Јаневска-Илиева

Like 0 Tweet 0 8+1 0 Pin it Share

СПОДЕЛИ НА ПИНГ

Веста е прочитана: 1588 Оценка: 3,94

Оставете коментар

Правила за објавување на коментарите

Сите права ги задржува Нова Македонија 2009

eSoft solution

http://www.novamakedonija.com.mk/NewsDetal.asp?vest=122314172162&id=9&prilog=0&setIzdanie=23355 Tue Dec 30 2014 23:51:25 GMT+0100 (Central European Standard Time)